# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 2/26
## 03.03.2026 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје**

Се објавува **Одлука за прифаќање на донација од ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **02.03.2026** година.

**Бр.09- 483/1**
**03.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 10 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на РМ “ бр. 05/02 и „ Службен весник РСМ “ бр. 202/24) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Службен гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11 , 09/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **02.03.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање донација од ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата од дарувателот на донацијата **ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје** и тоа:

- **Трошоци поврзани со проектирање и изградба на некатегоризиран пристапен пат со приближна должина од 4.500 м и соодветна коловозна должина;**
- **Трошоци за изведба на земјени работи, носечки и завршни слоеви на коловозната конструкција, соодветни за движење на возила;**
- **Трошоци за изградба на систем за одводнување , сообраќајно-безбедоносна опрема и други придружни градежни и инфраструктурни работи, согласно потребите и важечките прописи;**
- **Изведба на 20 (33) kV подземни кабелски водови за пренос на електрична енергија во согласност со техничките услови и нормативи;**
- **Трошоци за експропријација на земјиште, надомест за експроприраниот имот и дислокација на објекти**

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Неготино по влегувањето на сила на оваа одлука да склучи Договор за донација помеѓу **Општина Неготино** (

како примател ) и **ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје** како (давател на донацијата ).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на општина Неготино “ .**

**бр.08- 462 / 4**
**02.03.2026 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Неготино за 2026 година,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **02.03.2026** година.

**Бр. 09- 483/2**
**03.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за Локална Самоуправа „Службен весник на РМ" бр.5/020 и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа „Службен весник на РМ" бр. 61/04,67/07,156/09,47/11 и 192/15 година, Советот на Општина Неготино на 5 вонредна седница одржана на 02.03.2026 година донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **НЕГОТИНО**

За **2026** година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаНЕГОТИНО за 2026 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | |
| 742114 Приходи од европската унија | 0 | 0 | 771.280 | 0 |
| | **0** | **0** | **771.280** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 76.632 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 688.448 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 6.200 | 0 |
| | **0** | **0** | **771.280** | **0** |

Бр.

Претседател на Советот на Општината

**Лилјана Арсова Митрова**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на општина Неготино за 2026 година**

Се објавува **на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на општина Неготино за 2026 година ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **02.03.2026** година.

**Бр. 09- 483/2**
**03.03.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 95 став 1 од **Законот за градежно земјиште** (“Службен весник на Република Македонија” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и “Службен весник на Република Македонија” бр. 275/19, 224/24, 233/24 и 87/25), член 58 од **Законот за градење** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), член 6, 8 и 14 **одЗаконот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), член 8 и 14 од **Законот за комуналните дејности** („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), член 7,11,18,22 и 52 **Закон за превоз во патниот сообраќај**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 11, 14 и 24 од **Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 21/21)**,** член 7 и 9 од **Закон за јавна чистота** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 255/24 и 101/25)**, ч**лен 36 став 1 точка 15 од **Закон за локална самоуправа** (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24). И Член 79 став 1 точка 26 од **Статутот на општина Неготино** (Сл. Гласник на член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино, Сл. Гласник на општина Неготино бр.3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 02.03.2026 година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2026 година

Во програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на Општина Неготино за 2026 година се вршат следните измени:

Во **точка 1.1** во потпрограмата **ФА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)** се додава:

**Точка 6** – Експроепријација на земјиште за изградба на некатогиризирани пристапни патишта и 20 (33) Kv кабли за пренос на електрична енергија во КО Неготино – општина Неготино, (согласно Основен проект со технички број E009_04/25 од декември 2025 година).

Во **точка 1.1** во потпрограмата **Ф2 ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА , РЕХАБИЛИТАЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ** се додава:

**Точка 9** – Изработка на ОСновен проект за некатогиризирани пристапни патишта и 20 (33) Kv кабли за пренос на електрична енергија во КО Неготино – општина Неготино, (самофинансирање).

Во **точка 3.10** во потпрограмата **ЈД ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА** се додава:

**Точка 62** – Изградба на некатогиризирани пристапни патишта и 20 (33) Kv кабли за пренос на електрична енергија во КО Неготино – општина Неготино, (самофинансирање).

Во **потпрограмата УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИПТЕ** во точка 5.10 се додава:

- Викенд куќи и други објекти за времено домување со вредност од 1350,00 денари од 1м$^2$

Во потпрограмата **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** се додава **точка 5.30:**

- При пресметување на висината на надоместокот за уредување на

градежно земјиште за изградба на викенд куќи и други објекти за времено домување не се зема во предвид степенот на уреденост на градежното земјиште. Инвеститорот е должен да исплати 100% од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Во **точка 4.5.4**во потпрограмта **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок за четврта зона за стопански субјекти износот од **10.984,20 ден/м²** се заменува со износто од **13.559,40 ден/м².**

Во **точка 4.5.5**во потпрограмта **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок за петта зона за стопански субјекти износот од **10.984,20 ден/м²** се заменува со износто од **13.559,40 ден/м².**

Во **точка 4.5.6**во потпрограмта **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок за шеста зона за стопански субјекти износот од **10.984,20 ден/м²** се заменува со износто од **13.559,40 ден/м².**

Во **точка 4.5.7**во потпрограмта **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок за седма зона за стопански субјекти износот од **10.984,20 ден/м²** се заменува со износто од **13.559,40 ден/м².**

Во **точка 4.5.8**во потпрограмта **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок за осма зона за стопански субјекти износот од **10.984,20 ден/м²** се заменува со износто од **13.559,40 ден/м².**

Во **точка 4.5.10**во алинеа 10 износот од потпрограмата за **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок износот од 12.373,20 **ден/м² се заменува со износто од 13.559,40 ден/м². За објектите за прозиводство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната НЕТО плата во република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициент утврден од 0,01 и тоа:**

**41.246,00 денари x30% = 12.373,80 x 0,01 денари x0.01 = 123,74ден/м²**
**СЕ БРИШЕ, а се доадава:**

**45.198,00 денари х30% = 13.559,40 х 0,01 денари х0.01 = 135,59 ден/м²**

Во **точка 4.5.10**во алинеа 11 износот од потпрограмата за **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** за плаќање на надоместок износот од 12.373,20 **ден/м² се заменува со износто од 13.559,40 ден/м². За објекти за производтство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели за производтсво на електрична енергија кои се градат на земјиште),** висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисоко од 20% од висината на просечната НЕТО плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициент 0.01 и тоа:

41.246,00 денари х 20% = 8.249,20 денари х 0.01 = 82.50 ден/м² за 50% од површината на градежната парцела

**СЕ БРИШЕ, а се додава:**

45.198,00 денари х 20% = 9.039,60 денари х0.01 = 90,37 ден/м² за 50% од површината на градежната парцела

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр.08- 462/6**
**02.03.2026 година**

Совет на општина Неготино
Претседател
Лилјана Арсова Митрова с.р.

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 2 / 26

1. **Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање на донација од ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје**

2. **Одлука за прифаќање на донација од ЗЕН ЕНЕРЏИ ГРУП НЕГОТИНО СОЛАР ДООЕЛ Скопје**

3. **Заклучок за објавување на Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Неготино за 2026 година**

4. **Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Неготино за 2026 година**

5. **Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на општина Неготино за 2026 година**

6. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на општина Неготино за 2026 година**